**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 03.06.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 2997 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола

3. **Датум на извршување на надзорот:** 3 јуни 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка – јавна опомена, упатено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола беше извршен на 22.04.2019 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка – јавна опомена бр. 03-222 од 30.05.2019 година, по спроведен редовен административен надзор на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-2356/1 од 22.04.2019 година).

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола ги достави во Агенцијата потребните податоци, со што ја исполни во целост обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***